РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ

# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 * Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Бр. 05-194/1
29. 01. 2018 год.
КОЧАНИ

Врз основа на членот 7 од Законот за еднакви можности на мажите и жените („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/15), Општина Кочани преку координаторите за еднакви можности на жените и мажите, упатува

## ПРЕПОРАКА

**до Градоначалникот**
**за спроведување посебни мерки за еднаков третман на жените и мажите при вработување во Територијалната противпожарна единица – Кочани**

Со цел да се надмине постојната состојба на родова нееднаквост, координаторите за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кочани, упатуваат препорака до градоначалникот на Општина Кочани, Николчо Илијев, за спроведување мерки за еднаков третман на жените и мажите при вработување во Територијалната противпожарна единица – Кочани.

Сметаме дека ваквата состојба, каде во редовите на Територијалната противпожарна единица – Кочани никогаш немало жени пожарникари, е произлезена од историски и социо-културни околности. Современите услови не создаваат пречки во Единицата да се вработуваат пожарникарки, со што ќе се придонесе кон родова еднаквост и ќе се разбиваат родовите стереотипи и предрасуди што се поврзуваат со одредени професии, меѓу кои е и пожарникарството. Едновремено тоа ќе придонесе и за подобрување на економската положба односно до зголемена вработеност на жените, кои вообичаено се помалку вклучени на пазарот на трудот.

Поради тоа, на градоначалникот на Општина Кочани му препорачуваме при вработувањето во Територијалната противпожарна единица – Кочани да им даде приоритет на кандидатките, како лица од незастапениот пол. На тој начин ќе го спречи исклучувањето или ограничувањето врз основа на пол и ќе овозможи признавање, остварување или практикување на човековите права и основните слободи врз основа на еднакост на жените и мажите.

Прифаќајќи ја препораката, градоначалникот ќе придонесе во спроведувањето на заложбите за родова еднаквост утврдени со националните законски и стратешки документи, како што се Законот за еднакви можности на жените и мажите, Националната стратегија за родова еднаквост 2013 – 2020, Стратегијата за воведување родово одговорно буџетирање (2012 – 2017) и Локалниот акциски план за еднакви можности на Општина Кочани.

Подносители на препораката:

Љубинка Ајтовска
- координаторка за еднакви можности
Општина Кочани

Венцо Бојков
- заменик-координатор за еднакви можности
Општина Кочани

# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 • 2300 Кочани • Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


Препораката е изработена под менторство на Кристина Хаџи Василева, во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа“ финансиран од UN Women

Кристина Хаџи Василева
- надворешен експерт на UN Women

------------------------

Препораката ја прифатил:

Николчо Илијев
- градоначалник на Општина Кочани

------------------------

Кочани
15.01.2017 г.